**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 26.10.2018 година**

**Скопје, октомври 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 26.10.2018 година**

Седницата започна во 11:55 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Асаф Адеми, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за привлекување странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, д-р Петар Атанасов, заменик на министерот за образование и наука, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за формирање на Комисија за пренос на техничките уреди за следење на комуникации и на техничката документација од Министерството за внатрешни работи - Управа за безбедност и контраразузнавање во Оперативно-техничката агенција

2. Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1.**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за формирање на комисија за пренос на техничките уреди за следење на комуникации и на техничката документација од Министерството за внатрешни работи - Управа за безбедност и контраразузнавање во Оперативно-техничката агенција и ја донесе Одлуката со следниве заклучоци:

1. Текстот на Одлуката да се усогласи со Мислењето на Секретаријатот за законодавство

2. Во Одлуката како член на Комисијата да се додаде и Ариф Асани, заменик- директор во Управата за безбедност и контраразузнавање.

**Точка 2.**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 12:10 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**